# Александар ТРАЈАНОВСКИ, АНДАРТСКИОТ КОЛЕЖ ВО ЗАГОРИЧАНИ - 1905

- По повод 90-годишнината од крвавиот андартски масакр во селото Загоричани - Костурско -
(Завод за заштита на спомениците на културата, природните реткости, музеи и галерија - Битола и ИП "Менора"-Скопје, Битола-Скопје, 1995-200).

По повод 90-годишнината од крвавиот андартски масакр во селото Загоричани - Костурско, познатиот историчар д-р Александар Трајановски подготви посебна публикација. Оваа значајна книга за виситината на настаните во Беломорска Македонија ја издадоа Заводот за заштита на спомениците на културата, природните реткости, музеј и галерија-Битола и Издавачката куќа "Менора" од Скопје.

Книгата "Андартскиот колеж во Загоричани - 1905" има 220 страници текст и е поделена на два дела: првиот е основниот текст посветен на расветлувањето на андартското движее во Македонија, со посебен осврт на андартскиот крвав колеж во Загоричани - Костурско, Егејска Македонија, а вториот, илустративниот дел е посветен на архивските материјали - прилози, врз чија основа е напишан основиот текст за книгата.

Првиот основен дел на книгата го сочинуваат шест глави кои се поделени на повеќе подглавја. По воведните белешки во кратки црти се дадени главните мотиви за пишувањето на публикацијата, потоа е дадена историографијата за проблематиката, како и методологијата според која е подготвена книгата. Во првата глава се презентирани општествено-политичките прилики во Костурско од крајот на XIX и почетокот на XX век. Во посебна глава се осветлени причините, текот и последиците од Илинденското востание во Костурско и Леринско. Исто така, посебна глава е посветена на историјата на селото Загоричани од постари времиња до наши дни, сакајќи на таков начин да се проследат Првата (1903), Втората (1905) и Третата загоричанска трагедија (1949).

Инаку, во документите Загоричани се спомнува како најголемо костурско село кое имало од 500 до 630 куќи. Од основањето на Бугарската егзархија во 1870 година, а особено потоа, поголем дел од жителите ја напуштиле Цариградската грчка патријаршија и ја прифатиле словенската православна црква - Егзархијата, кога веќе македонското граѓанство и интелигенција не успеале во повеќето свои обиди, во текот на XIX и почетокот на XX век, да ја возобноват Охридската архиепископија како национална црква.

Централната глава во публикацијава, секако, е посветена на главниот настан, андартскиот грчки злочин во село Загоричани во 1905 год. Врз основа на архивски материјали од прва рака, во книгава е направен обид да се докаже дека загоричанскиот колеж од март/април 1905 год. бил долго време подготвуван од андартите, со цел да го казнат и ликвидираат едно од најголемите и најреволуционерните костурски села, кое речиси масовно ја напуштило Патријаршијата.

Вториот поголем дел од публикацијава го сочинуваат прилози на одделни документи, делумно публикувани, а повеќето за прв пат презентирани пред научната јавност. Во првиот случај станува збор за поголем број изворни материјали од кои добар дел се публикувани, а во вториот случај тоа се најнови документи поврзани со андартското движење и со загоричанската крвава драма од 1905 год. од руска провиниенција.

Голем простор зафаќаат грчките документи во непосредна врска со загоричанскиот настан и воопшто со андартското движење, а уште повеќе со бројните андартски злодела. Така, се презентираат автентичните документи досега необјавени, напишани на грчки јазик, а пронајдени во Архивот за надворешна политика на Русија при Министерството за надворешни работи во Москва.

Значењето на истражувањето на д-р Александар Трајановски и објавувањето на вистината за загоричанската трагедија се состои во потребата да се сознае и да се задржи во сознанието онаа фактографија која најдобро говори и илустрира за каква политика станува збор кога се поставува прашањето за суштината, за смислата и вредноста на грчката политика и на грчкото дело кон соседните народи. Загоричанските настани, иако се екстремен израз на односната политика, за жал, се чини, се и средишен израз на грчката политика кон Македонците.

Славе НИКОЛОВСКИ-КАТИН

**ВЕЛИКА БРИТАНИЈА И МАКЕДОНИЈА 1944-1945**
**- документи -**
(Избор, превод и редакција д-р Тодор Чепреганов,
Институт за национална историја, Скопје 1995 година)

Зборникот документи “Велика Британија и Македонија 1944-1945” од д-р Тодор Чепреганов, претставува уште едно издание кое има свое значење во македонската историографија и придонесува за нејзиниот натамошен развиток.